Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел од дневни настани 21.12.2022

Секторот за внатрешни работи Тетово, до Основното јавно обвинителство Тетово поднесе кривична пријава против 52-годишниот М.Џ. од тетовска Палатица поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „лажно пријавување на кривично дело", казниво по член 366 став 1 од Кривичниот законик. Пријавениот се сомничи дека на 2 декември лажно пријавил дека во неговата куќа во Палатица била извршена тешка кражба во која биле одземени златен накит и девизи во вкупен износ од околу 100.000 евра, а во која наводно учествувал неговиот син А.Џ.(19) со уште три други лица, по што наводно се оддалечиле од куќата и заминале со возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки. М.Џ. признал дека ја измислил целата приказна околу кражбата.

Денеска (21.12.2022) околу 00.40 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода В.Р.(27) и Х.А.(27), двајцата од с.Долно Палчиште, тетовско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени кокаин и марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 20.12.2022, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Т.Л.(26) од Велес затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Лицето е приведено во полициската станица во Велес и по целосно документирање на настанот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.12.2022 околу 12.20 часот на улица „Вонвардарска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 21-годишниот А.И. од тетовско Ново Село затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 20.12.2022 во 22.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Б.(29) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и ризла. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2022 во 14.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2022 во 16.50 часот на Граничниот премин Табановце, при извршена контрола и проверка во оперативна евиденција, било констатирано дека Г.И.(21) од Романија бил баран по телеграма од ОВР Гостивар. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 20.12.2022, полициски службеници од Полициското одделение Чашка, во атарот на с.Степанци, с.Поменово и с.Смилковци пронашле две патнички возила „лада" без регистарски ознаки, натоварени со бесправно исечени огревни дрва, како и две моторни пили. Пронајдените возила и предмети биле одземени и предадени на Шумска полиција во складот на Национални шуми-подружница Велес. Се работи на расчистување на случајот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (20.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 82 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола шест санкции, шест мерки за возење под дејство на алкохол, шест санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 20.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 14 во населено место и 4 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас и 10 за непрописно паркирање.

На 20.12.2022 во 16.20 часот во ОВР Ресен било пријавено дека на крстосница од ул,,Борис Кидрич" и ул,,Иво Лола Рибар" во Ресен се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со ресенски регистарски ознаки, управувано од З.М.(38) од с.Дрмени, ресенско и мотоцикл „јамаха" со ресенски регистарски ознаки, управуван од И.Т.(36) од Ресен. Во несреќата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила увидна екипа на ОВР Ресен.

На 20.12.2022 во 15.05 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на магистрален пат Крива Паланка – Куманово, на место викано „Пашина воденица", кривопаланечко, патничко возило „опел зафира" со бугарски национални ознаки, управувано од М.И.(36) од с.Мала Црцорија, кривопаланечко, удрило во товарно возило „форд" со скопски регистарски ознаки, паркирано од И.К.(47) од с.Тимјаник, неготинско, Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајца сопатници од патничкото возило, З.Г.(46) и Б.Ѓ.(80), двајцата од с.Мала Црцорија, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 20.12.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.П.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Саса" бил каснат од куче скитник.

Денеска (21.12.2022) од страна на полициски службеници од СВР Битола- полициската станица од општа надлежност Прилеп на ул „Методија Шаторов- Шарло", во близина на пазарот во Прилеп, при преглед кај З.М.(37) од Прилеп пронајдени се 2.600 парчиња различни видови пиротехнички средства. Предметите, од страна на полициските службеници се одземени, а со З.М. е извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2022 во периодот од 07.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Битола, полициски службеници од СВР Битола спровеле координирана акција со полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ за контрола на возила и лица. Притоа, во 11.30 часот на патот Битола – државна граница со Република Грција, на место викано „Трафостаница", бил извршен преглед на патничко возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Н.Р(22) од с.Ивањевци, битолско, и било констатирано дека сообраќајната дозвола на возилото била фалсификувана. Возилото и сообраќајната дозвола биле одземени од лицето за понатамошна постапка. Исто така, на патот Прилеп – Битола, кај с.Лагово, бил извршен преглед на патничко возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(52) од с.Житоше, при што биле пронајдени и одземени гасен пиштол и осум куршуми за гасен пиштол. По целосно документирање на случаите, против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Н.Е.(48) од општина Сарај - Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад" по член 230 став 3 од Кривичниот законик. На 05.10.2022 полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал и инспектори од Државниот пазарен инспекторат и Државен инспекторат за животна средина извршиле контрола на ограден место за собирање и складирање на разни видови на метален отпад и други видови на отпад во с.Глумово, општина Сарај, при што бил затекнат пријавениот како во моментот неовластено тргува со отпад, без да е регистриран во Централен регистар како физичко лице или како трговец поединец и без да поседува дозвола за вршење дејност за управување со отпад, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, која е должен да ја поседува согласно член 64 од Законот за управување со отпад.

Во текот на вчерашниот ден (20.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 201 возач. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 106 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 95 надвор од населено место.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Г.Р.(43) од Шпанија, со привремено живеалиште во Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување или уништување деловни книги". Тој, од еден правен субјект во Охрид одзел деловна книга за евиденција, ја пополнил со лажни податоци како да бил вработен во друг правен субјект во периодот од 26.02.2021 до 21.07.2021, ги фалсификувал пресметките за плата во износ од 799.452 денари и истите ги заверил со сопствен потпис.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Г.(40) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола и преглед, извршени на 06.10.2022 во 22.10 часот на улицата „Круме Угриноски" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана и дробилка со остатоци од марихуана, по што бил лишен од слобода.

На 20.12.2022 во 12.30 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека во фирма на бул.„Србија" бил пронајден починат Д.С.(23) од Скопје. Екипа од Итна медицинска помош констатирала смрт без траги на насилство и за настанот бил известен трудов инспектор. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Б.(42) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.06.2022 во Градски парк, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин, амфетамин и марихуана.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Ј.К.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 23.07.2022 во Радовиш, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „опел астра", кое го управувал пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана. Исто така, било констатирано дека додека се возеле, пријавениот овозможил на друго лице во возилото да користи марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.С.(28) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.07.2022 на ул. „Рудничка" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и амфетамин.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.П.(24) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување". На 19.12.2022 во викенд куќа во гевгелиско село, пријавениот физички нападнал 24-годишна девојка од Гевгелија, по што со закана со остар предмет извршил обљуба врз неа. Во текот на денот тој ќе биде изведен пред судија на претходна постапка.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.И.(41) од с.Форино, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 13.10.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „мерцедес спринтер", управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува важечка лиценца.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Д.Т.(26) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 05.12.2022 на граничен премин Табановце, пријавениот бил затекнат како со патничко возило „ауди" врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај без притоа да поседува лиценца за вршење јавен превоз на патници.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Е.С.(61) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во октомври 2022 година, на катастарска парцела во Здуње, негова сопственост, без да обезбеди одобрение за градење започнал градба на објект од цврста градба и на тој начин го оштетил Буџетот на Општина Гостивар и Буџетот на Република Северна Македонија.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет